**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветтата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 21 февруари 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,55 часот.

Седницата ја отвори и неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Дами и господа пратеници,

Почитувани гости,

Ја отворам Деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија, г. Борис Трајковски, претседателот и членовите на владата на Република Македонија и шефовите на странските дипломатски мисии акредитирани во Република Македонија.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Почитувани пратеници,

Драги гости,

Имам особена чест и задоволство од името на собранието на Република Македонија и од свое лично име, за прв пат, во Република Македонија да го поздравам присуството на претседателот на Европската комисијата, неговата екселенција г. Романо Проди.

Господинот Проди е еден од актуелните европски лидери, кој постојано се залага и земјите како Македонија, што поскоро, да се интегрираат таму каде што отсекогаш им е местото, во Европската унија.

Почитуван г. Проди,

Вие сте дојдени во Македонија во право време и на право место. Време во кое се создава институционална рамка за нова Европа, која се очекува да биде крунисана со нејзин највисок правен акт, како и на секоја друга заедница, уставен договор. Европскиот интеграционен процес денес е пред својата финализација. Македонија е земја која наскоро ќе го започне процесот на свое приклужување кон

Европската Унија, на која ќе се приклучат или веќе се приклучуваат и други земји од Источна Европа.

Република Македонија, како прва држава потписничка на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската унија, е цврсто определена кон тоа и е посветена на целосно и доследно исполнување на обврските, сврзани со процесот на наше приклужување кон Европската Унија. Тоа е определба за која постои општ политички консензус во Собранието, што имавте прилика да го видите на нашата претходна средба и во земјата во целина.

За исполнување на стратешкиот приоритет за Република Македонија, полноправно членство во Европската Унија, постои готовност и ангажираност најнапред да се забрзаат и продлабочат односите во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Во таа смисла, пристапивме кон длабоки, понекогаш и болни, политички, економски и социјални реформи, за што ја имаме и поддршката на Европската унија, која Вие ја претставувате.

Јасен, препознатлив и охрабрувачки сигнал, во таа насока, е добредојден за нашите граѓани, кои секојдневно го носат тешкиот товар на реформите и прилагодувањето на нашето општество. Еден таков сигнал ќе биде и ратификувањето на Спогодбата од сите земји членки на Европската Унија.

Ваша екселенцио, Ве поканувам да се обратите до пратениците на Собранието на Република Македонија.

**РОМАНО ПРОДИ:**

Г-дине претседател, уважени членови на Парламентот, почитувани пратеници,

Ми причинува големо задоволство што сум сум тука, во Скопје и топло ви се заблагодарувам за можноста да ви се обратам.

Со потпишувањето на Рамковниот договор во Охрид во 2001 година, оваа земја им го сврти грбот на меѓуетничките конфронтации, на екстремистите и на националистите.

Договорот е ветување за помирување и стабилност. Исто така, тој е забележителен пример за тоа како се прават компромиси со цел да се оствари доброто на сите. Тоа е една тешка задача, но исто така и таква што дава резултат.

Чекорејќи по патот на помиривање и реконструкција, вие ја покажавте вашата волја да изградите иднина како член на европското семејство.

Оваа земја започна да ги претвора своите ветувања во пракса. Сега таа треба да го забрза патот на реформи.

Денес политичкиот живот се врати во нормала, како што покажаа и септемвриските избори. Ова треба да & овозможи на земјата да оди напред.

Уверен сум дека сите политички учесници ќе направат с# за да ги остварат очекувањата на народот.

Во сите фази од кризата, Европската унија ја исполни својата заложба да помогне во стабилизирање на земјата. Утре таа ќе ја потврди својата заложба преку преземање на мисијата од НАТО. Ова ќе помогне да се осигура дека постојат безбедносни услови за тековниот реформски процес.

Пред две години, вашата земја беше првата која го потпиша Договорот за стабилизација и асоцијација со Европската унија. Тоа беше прв чекор кон патот до целосно членство во Унијата.

Зборувавте и за ратификацијата. Јас можам да Ве уверам дека нема политички проблем за ратификацијата. Станува збор за бавноста на парламентите. Секаде во светот парламентите се бавни и мора да имате разбирање и за овие други парламенти.

Во Договорот, вие се обрвзавте да примените едно множество на принципи. Тие вклучуваат унапредување на човековите права, воспоставување на демократски систем заснован на владеење и почитување на правото, воведување на пазарна економија и борба против организираниот криминал и илегалната трговија.

Тој Договор е голема заложба на оваа земја, нејзините институции - особено Владата и Парламентот и нејзиниот народ. Мило ми е што ја потврдивте вашата желба да се приклучите на европското семејство на нации на последните избори и дека сите политички партии ја делат таа цел.

Така сите вие треба да ја исполните таа заложба. Исто така тоа се однесува на сите политички играчи дека тие треба да застанат зад оваа заложба и да ја поддржат.

Во исто време, вие имате реални можности за приклучување кон Европската унија. На крајот на јануари, Советот одржа дебата по клучни прашања за развојот на односите со Балканот. Министрите дадоа силен и јасен сигнал. Тие рекоа дека Балканот е интегрален дел од Европа и дека обединувањето на нашиот континент ќе биде целосно само кога балканските земји ќе станат членки на Унијата. Ова сега е еден заеднички европски споделен став. Пред 2-3 години тоа не беше случај, меѓутоа, сега тоа е така.

Целта на политиката на ЕУ е постепена интеграција на Балканот во Европа, како што беше и официјално потвредно во Загреб, во ноември 2000 година. Водечкиот принцип е јасен и задолжителен. Европската интеграција е заедничка политичка цел.

Таа бара од земјите во регионот да се приклучат на Унијата. А Унијата, од своја страна, се обврзува да ги поддржи и да го одржи процесот преку поттикнување на политички, социјални и економски реформи во овие земји.

Од самиот почеток, идејата зад европската интеграција всушност отсекогаш беше да се охрабрат институциите на државите учеснички да ги прифатат овие заеднички вредности и да ги применат во својата политика.

Дозволете ми да нагласам дека една од клучните политички цели за Европската унија е да одржи регионална рамка за поддршка на процесот.

Бидејќи земјите во регионот се меѓусебно зависни на многу начини и нивните судбини се тесно поврзани меѓу себе, одржувањето на оваа регионална рамка е клучот со кој ќе се спречи новите граници да станат нови ѕидови или да разгоруваат нови тензии. Овде особено мислам на земјите што еднаш беа дел од Југославија.

Европската итеграција е начинот на кој ќе се надминат одредени однесувања и ставови што Европа ги наследи низ вековите од историјата. Ваквата претпоставка дека Државата мора да коинцидира со земјата во која луѓето живеат, општеството во кое се чувствуваат како дома и нацијата кон која чувствуваат лојалност.

Во Европа ние сме граѓани како на на нашите сопствени држави, така и на Унијата. Ние го менуваме самиот концепт на држава полека, чекор по чекор, меѓутоа, ова е еден огромен чекор напред. Како граѓани уживаме одредени права - не како членови на одредена етничка, религиозна, јазична или историска група, меѓутоа, како поединци, додека организираното граѓанско општество ужива одредени привилегии ширум целата Европска унија.

Во Унијата нештата се договараат заеднички, а не се решаваат унилатерално. Кога ќе дојдете во Унијата, ќе бидете активни членки. Вие ќе донесувате одлуки нема држава која доминира во Европската Унија. Унијата Е унија на малцинства, сите се малцинства во оваа унија. Државите членки на Унијата и народите се обидуваат да сфатат како другите мислат, пред да ги изразат своите сопствени гледишта. Духот на заедницата наментува грижа за сфаќање на

причините позади гледиштата на други и решеноста да се работи заедно за општ интерес.

Пред c#, Европската заедница ни овозможи да се издигнеме над верувањето дека мирот може да биде постигнат со изменување на граници, менување на линии на картата и преместување на луѓето. Ние видовме премногу војни и конфликти за да продолжиме да веруваме дека мирот и просперитетот можат да се зачуваат само ако границите на секоја нација коинцидираат со тие на една држава.

Во обединета Европа не е толку важно на која страна од границата живеете. Интеграцијата поттикнува слободен проток на луѓе и идеи и промовира дијалог и размена на мислења.

Надминувањето на старите разлики е движечка сила позади процесот на европска интеграција. Во Европа што еднаш беше во урнатини, помирувањето меѓу долгогодишните ривали го цементира европското единство.

Тоа е пристапот што го предлагаме да се следи тука на Балканот, каде одржливиот степен на демократски , политички и економски развој може да биде постигнат само преку регионален пристап. Постојат видливи синергии и заедничка активности што мора да ги поддржиме во Југоисточна Европа.

Само пристап на поширока регионална соработка може да ги разреши моментните тензии, да понуди издржани перспективи за економски развој и трговија и да обезбеди инструменти за справување со регионалните проблеми како шверцот, нелегалната имиграција и организираниот криминал.

Регионалната рамка не значи дека Европа ќе ги отвори вратите тогаш кога сите земји се подготвени. Морам да бидам јасен за ова. Ова не е случај - сите прашуваа на Универзитетот утрово, дали треба да го чекаме последниот вагон. Секоја земја влегува по сопствена заслуга во Унијата. И секоја земја ќе биде оценувана врз основа на напредокот што го прави, нејзиното придржување до политичките критериуми поставени во Копенхаген и нејзиниот капацитет да ги асимилира законите на Заедницата и правилно да ги примени.

Усвојувањето на ново законодавство не е доволно. Нема смисол од усвојување на ново законодавство доколку истото практично не се имплементира.

Така, барам од вас да бидете решителни на патот на реформи. Имајте верба кога гледате кон таа иднина. Сега мора да ги поставите темелите. А таа иднина ќе биде поблиску со секој чекор што го правите на патот на реформи. Така, потребна ви е решеност и заложба во имплементирањето на програмата на

реформи што заеднички ја изготвивме. Ние ќе ја покажеме истата решеност при имплементирање на нашата заедничка агенда.

Дозволете ми да бидам јасен по ова прашање. Тоа не е прашање на “вие и ние” или “вие наспроти ние”. Денес интеграцијата на сите земји во регионот е заедничко залагање, прашање од заеднички интерес за Европа во целост. Ние мора кохерентно и одлучно да ја имплементираме нашата агенда.

Во суштина, Европската унија е заедница на споделени вредности. Во нивната срж се: почитувањето на човекови и малцински права и владеење и почитување на правото. Тоа бара независно, непристрасно судство, одговорна и непристрасна политика, транспарентно и отворено донесување одлуки и право на надомест.

Секоја земја што има аспирации да се приклучи на Унијата мора да ги поддржи овие вредности.

Народот мора да има доверба во државата. Доверба дека Државата може и ефективно ќе одговори кога ќе наидете на проблеми.

Верувам дека народот и институциите на оваа земја успешно ќе се соочат со овој предизвик и ќе ја приближат кон стандардите на ЕУ.

Ќе треба да покажете залагање, решеност, трпеливост и реазлизам. И Европа ќе биде на ваша страна, со помош, поддршка, совет и охрабрување. Можам да Ви кажам дека во разговорот со претседателот и премиерот и со главните групи на Парламентот ми имаат покажано, ми имаат помогнато да ја образложам идната политика која ќе ја градиме заедно на подобар начин, поефективно и да имаме побрзи резултати на заедничката работа што треба да ја направиме.

Клучните зборови во овој процес се одговорност и сопственост**.**

Одговорност бидејќи овој Парламент може и мора да игра клучна улога на тој пат.

Одговорност за трансофрмирање на оваа земја во функционирачка демократија. Одговорност за развивање конструктивен пристап кон големите прашања за европска интеграција. И одговорност за идентификување на области од вистински национален интерес.

Другиот збор е сопственост сопственост бидејќи одлуките се во вашите раце. Одлуките за распоредот и за секој чекор што ќе го обележи вашиот напредок кон интеграција.

Како што реков, Унијата ќе биде на ваша страна и нашиот дијалог мора да го трасира патот за развивање на поблиско, потранспарентно и посигурно партнерство.

Навистина ми е мило што научив повеќе за вас и тоа што ќе имам можност уште повеќе да го правам во иднина.

Сите други земји што наскоро ќе станат целосни членки на Унијата го поминаа овој пат. Нема споредни патчиња.

Од наша страна, во месеците што доаѓаат ќе се обидеме најдобро што можеме да ги искористиме инструментите што постојат за поддршка на процесот на стабилизација и асоцијација. Доколку е потребно, ќе ги приспособиме овие инструменти за да ги направиме ... штотуку ми кажаа дека тоа е неопходно, дека нема “ако” туку ќе ги направиме поефективни за да бидат овие инструменти поефективни на потребите идентификувани во Договорот за стабилизација и асоцијација и на потребите кои Вие ги изразивте на средбите кои ги имавме.

Убеден сум дека вашите напори ќе резултираат со упсех. Успех што и ние ќе го споделиме со вас, бидејќи прицнипите и вредностите на Унијата ќе имаат фатено корен во овој регион и бидејќи ќе ви помогнеме во процесот. Вашето целосно учество во проектот на европската интеграција ќе биде голем придонес за консензуално и мирно единство на целиот континент.

Почитувани пратеници,

Како членови на овој Парламент, повеќето од вас избрани за прв пат, го претставувате новото лице на оваа земја. Уверен сум Вие го претставуваме новото лице и иднината на оваа земја.

Уверен сум дека ќе застанете зад напорите на вашата земја за интеграција во Европа.

Заедно, со време, ќе го трансформираме нашиот процес на асоцијација во членство. Кога ќе речам со текот на времето, не сакам да го успорам тоа, туку сакам да го забрзам. Јас не можам да ви дадам одговор за еден ден, бидејќи тогаш не би бил чесен, меѓутоа, Ви кажувам дека вие можете да го забрзате нашиот заеднички процес.

Заедно ќе направиме с# што можеме за да го направиме тој сон реалност. Јас сметам дека ова е нешто што ние му го должиме на народот на Македонија.

Ви благодарам.

(Аплауз).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Од името на сите пратеници и од името на Собранието на Република Македонија, му се заблагодарувам на г. Проди за извонредното обраќање и за поддршката што ни ја даде во тоа обраќање на нашиот пат кон Европската Унија.

Благодарам уште еднаш, г. Проди.

Со тоа заврши седницата.

Ја заклучувам Деветтата седница на Собранието на република Македонија.

(Седницата заврши во 13,15 часот).